**20201742193**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 48-а став (8) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/20), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ОПОМЕНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција за изречените опомени.

Член 2

Евиденцијата за изречените опомени се води во електронска форма.

Евиденцијата од став 1 на овој член, содржи: реден број, број и датум на решението со кое е изречена опомената, назив и седиште на работодавачот, име и презиме на лицето кое го сторило прекршокот за кој се изрекува опомената, живеалиште/престојувалиште, кратко означување на видот на прекршокот за кој се изрекува опомената, име и презиме на инспекторот кој ја изрекол опомената и забелешка.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведување на едукацијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/11).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-3989/2
25 јуни 2020 година
Скопје

Заменик министер за труд
и социјална политика,
**Ѓонул Бајрактар**, с.р.